Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), член 18 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности (бр.01-7492/10 од 30.04.2013, бр.01-548/8 од 30.01.2015година, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20), член 32 од од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20), член 26 Правилата за технички и организациски мерки и за обезбедување безбедност на обработка на личните податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр. 0204-12219/1 од 24.08.2021 година а согласно Политика за создавање на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр.0204-12218/1 од 24.08.2021 година, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1410-13020/1
15-09 20 21 год.
СКОПЈЕ

# ПРОЦЕДУРА ЗА ПРИСТАП ДО ДОКУМЕНТИ

Оваа процедура има за цел да се воспостави евиденција за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем, како идентификација и проверка на пристапите.

## 1.Пристап до документи

Пристап до документите во збирките на податоци кои се воспоставени во АКН имаат само овластените лица согласно овластувањето за категориите на личните податоци до кои се пристапува.

За пристапувањето до документите се врши идентификација на овластените лица и за категориите на личните податоци до кои се пристапува и за се води евиденција на пристапи.

Пристап до документацијата од страна на лица кои немаат овластување за авторизиран пристап, се врши само во присуство на овластено лице кое има авторизиран пристап до документите до кој се бара пристапот.

## 2. Евиденција за пристап

За овластените лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем, како идентификација и проверка на авторизираниот пристап се води евиденција на образец даден во прилог на оваа процедура.

Евиденцијата содржи податоци за овластените лица кои имаат овластување за авторизиран пристап до документите и информацискиот систем, датум на овластување или на решение за распоредување, рокот на важење на овластувањето односно решението, податоци за овозможен пристап до збираката на лични податоци односно евиденцијата, обем на

пристапот (увид, внес, промена бришење) и начин на пристапот (автоматски , хартиен и сл.).

Евиденцијата се води од страна на надлежниот сектор кој е надлежен за обработување на личните податоци по збирките на личните податоци и тоа:

2.1. Евиденцијата за пристап до збирката на лични податоци за лица кои засновале работен однос или се ангажирани во АКН, ја води овластеното лице од Секторот за управување со човечки ресурси.

2.2. Евиденцијата за пристап до збирката на лични податоци за лица запишани во Геодетско-катастарскиот информационен систем ја води овластеното лице од Секторот за информатичко комуникациската технологија.

2.3.Евиденцијата за пристап до збирката на лични податоци на лица на кои им е издадено овластување за овластен геодет ја води овластеното лице од Одделението за меѓународна соработка, евроинтеграции, консултантски услуги и обуки.

Евиденцијата се води во хартиена или електронска форма во зависност од техничките услови, при што се ажурира односно евидентира секоја промена на овластувањата за пристап.

**3.Објава**

Оваа процедура влегува во сила од денот на неговото донесување и истата се објавуваат на ВЕБ страната на Агенцијата.

ДИРЕКТОР

---------------------------------

м-р Борис Тунџев

Прилог бр. 1

# ЕВИДЕНЦИЈА

На овластени лица кои имаат авторизиран пристапдо документите и информацискиот систем на Агенцијата за катастар на недвижности

| Ред. бр. | Име и Презиме | Датум на овластување/решение за распоредување | Рок за важење на овластување/решение | Овозможен пристап до збирка /евиденција | Обем на пристап | Начин на пристап |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | -увид ДА/НЕ<br>-внес ДА/НЕ<br>-промена ДА/НЕ<br>-брише ДА/НЕ | -автоматски<br>-хартиена |
| | | | | | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ * СКОПЈЕ